РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02 - 513 / 6
25.03.2026
СКОПЈЕ

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Економски факултет - Скопје**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.82/18, 178/21, 58/24 и 124/25), член 86 од Статутот на Економскиот факултет – Скопје (Универзитетски гласник бр.444/2019 и 526/2020), а согласно одлуката на Деканатската управа донесена на 20.2.2026 година, Деканатската управа на седницата одржана на ден 19.3.2026 година, ја донесе следната

# ИНТЕРЕН КОНКУРС

за реализација на студентски проектни активности

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Економски факултет Скопје објавува **Интерен конкурс за избор и реализација на студентски проектни активности**.

Реализацијата на една проектна активност не може да чини повеќе од 500 евра со вклучен данок.

Целта на конкурсот е да се поттикне студентската иницијатива, креативност и активна вклученост на студентите во академскиот и општествениот живот на Факултетот преку реализација на активности кои придонесуваат за унапредување на студентското искуство, академската средина и промоцијата на Факултетот.

**1. Право на учество**

Право да поднесат пријава за учество на конкурсот имаат студентите на Економскиот факултет – Скопје кои имаат запишано летен семестар во учебната 2025/2026 година.

Пријавата може да биде поднесена од група студенти.

Студентот кој е дел од група студенти може да учествува само со една проектна активност.

**2. Содржина на пријавата**

Пријавата за учество треба да ги содржи следните елементи:

1. Назив на проектната активност;
2. Детален опис на активностите кои треба да се реализираат;
3. Цели на проектот и очекувани придобивки за студентите и Факултетот;
4. План и динамика за реализација на активностите;
5. Буџет и проценка на потребните средства за реализација;
6. Предлог рок за реализација;
7. Податоци за подносителите на пријавата и студентот кој ќе биде координатор на проектот ;
8. Други информации од значење за реализацијата на проектната активност.

**3. Рок за поднесување на пријави**

Заинтересираните студенти можат да поднесат пријава за учество во рок од 10 (десет) дена од денот на објавувањето на конкурсот, односно од 27 март до 6 април 2026 година.

**4. Реализација на проектните активности**

Избраните проектни активности треба да бидат реализирани во рамките на учебната 2025/2026 година.

Реализацијата на проектните активности не опфаќа исплата на авторски или други лични хонорари на учесниците.

Трошоците поврзани со реализацијата на проектните активности ќе се реализираат во рамките на постојните договори кои Факултетот ги има склучено или ќе ги склучи дополнително, во согласност со важечките прописи и интерни акти.

**5. Избор на проектни активности**

Предлогот за избор на проектните активности ќе го изврши Комисија формирана од страна на Факултетот.

**6. Дополнителни информации**

Факултетот го задржува правото да не избере одредена проектна активност, доколку истата не е во согласнот со овој конкурс или доколку Деканатската управа цени дека истата не е во интерес на студентите или нема да го постигне очекуваниот ефект/цел.

Факултетот може да прифати реализација на одреден проект со намален буџет.

Доколку бидат поднесени пријави за реализација на повеќе исти или слични проекти активности, Деканатската управа има право да одлучи да реализира само еден или дел од поднесените проектни активности.

Одлуката на Деканатската управа е конечна.

Изработил:Д.К

**Д е к а н**

**Проф. д-р Мијалче Санта**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

DIGITALLY SIGNED
Mijalche Santa
Мијалче Санта
KIBS Qualified Certificate
2026.03.24 12:10